Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1154/24
датум 04-12-2024

**ИЗВЕШТАЈ**
**од извршен надзор во Основниот суд Охрид**

Комисијата за надзор над функционалноста над АКМИС формирана од Министерот за правда на ден 26.04.2024 година во 11.40 часот, согласно Планот за надзор бр. 08-1154/3 од 26.03.2024 година го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување сосудските предмети во Основниот суд Охрид.Во претходно доставено писмо до судот, беше побарано за увидот да биде обезбедена документација цитирана во писмениот допис.

Надзорот започна со разговор со Претседателот судот Васил Баткоски, во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник.

Претседателот на судот наведе дека во судот се пополнети 9 судиски места (заедно со претседателот на судот), иако по систематизација се предвидени 18 судски места, со тоа што во тековната година ќе се пензионираат двајца судии. Претседателот на судот укажа на потребата од итно пополнување на судиски места. Со систематизацијата на судот предвидени се 113 работни места (без судиите), од кои се пополнети 61 работно место. Во судот вработени се 12 стручни соработници, 14 дактилографи, 1 информатичар. Минатата година биле реализирани три вработувања на неопределено време од кои еден помлад соработник и двајца дактилографи. Во судот има 12 вработени на определено време, на кои им истекува договорот на вработување до крајот на календарската година.

***ПРЕПОРАКА: Судскиот совет на РСМ да ги пополни празните судиски места.***

Минатата година судот не бил ажурен. Претседателот на судот истакна, дека неажурноста на судот произлегува од големиот број на нерешени оставински предмети. Претседателот на судот наведе дека на нотарите постојано им било укажувано за големиот број на нерешени оставински предмети и дека заради тие предмети оставинскиот суд станувал неажурен суд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Во судот има вкупно 11 судници, од кои во четири судници инсталирана е опрема за тонско снимање, а во една од судниците опремата за тонско снимање е расипана. Со новиот проект уште четири судници ќе бидат опремени со опрема за аудиовизуелно снимање. Во 2022 година тонско снимање било реализирано за 433 судења, а за 2023 година 443 судења.

**1.Судски администратор**

Во Судот има судски администратор. Надзорната комисија изврши разговор со судскиот администратор Борче Мирчески кој беше присутен во текот на надзорот.

**2.Одлука за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2022 и 2023 година**

Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот е донесена и истата е заведена СУ.бр.03-2/22 од 04.01.2022 година

**3.Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии за 2022 и 2023 година, дали истите се донесени до 31.12 и колку пати се менувани и дали е прибавено мислење од седница на судии и достава до сите судии**

Годишниот распоред за работа на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура, за последните две години беа дадени на увид. Истите се донесени до 31 декември претходната година со запазена процедура односно на седница на судии со прибавено мислење од сите судии, за што е изготвен записник.

Истите се заведени под следните броеви: СУ – 03 бр.181/22 од 27.12.2022 година и СУ-03 бр.204/21-2 од 19.09.2022 година.

Претседателот на судот појасни, дека при измена или дополнување на годишниот распоред на седница на судии се постигнува согласност во делот на измената на годишниот распоред. Наведе дека пред донесување на Годишниот распоред се одржува седница на судии на која се разговара дали останува во сила дотогашниот распоред или треба да се измени распоредот. Доколку доаѓа до измена на распоредот  кај определен судија, редовно се бара нова согласност за таквата измена

Измените на годишниот распоред се донесени согласно законските основи, односно во случај на пензионирање и делегирање на судија во друг суд.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**4.Внатрешни процедури за привилегии во АМИС за 2022 и 2023 година**

Внатрешните процедури за управување со движењето на предметите во судот за контролираниот период се донесени и истите се заведени под Су.03бр.4/23 од 16.01.2023 година и Су.03 бр.11/22 од 13.01.2022 година.

**5.Годишен план за управување со движењето на предметите за 2022 и 2023 година**

Годишен план за управување со движењето на предметите во судот и спречување за создавање и намалување на заостатокот на нерешени предмети и спречување застој на движењето на предметите во судот, за контролираниот период се донесени и заведени под Су-03 бр. 12/22 од 17.01.2022 година и Су-03 бр.6/23 од 23.01.2022 година.

**6.Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот за 2022 и 2023 година**

Претседателот на судот изјави дека секојдневно ја контролира работата на судот, но дека не се изготвуваат службени белешки за истото. Наведе дека кога е поднесена претставка, го повикува судијата да се произнесе по наводите истакнати во претставката.

***ПРЕПОРАКА: Соодветно да се следи постапката за надзор предвидена во член 17 од Судскиот деловник.***

**7.Записници од одржани седници на судии на месечно ниво**

Претседателот на судот одржува редовно одржува седници на судии на месечно ниво, за што се изготвени записници (СУ-03-43/22-9 од 07.11.2022 година, СУ-03 бр.12/23-10 од 27.12.2013 година).

**8.Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот**

Претседателот на судот појасни дека се одржуваат седници на судски оддели , но за истите не се изготвуваат записници, освен кога треба да се донесе заклучок кој се доставува до повисокиот суд, заради разгледување од нивна страна и добивање на повратна информација.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

*ПРЕПОРАКА: Записниците соодветно да се подготвуваат и истите да се заведуваат во АКМИС, како што е предвидено во Судскиот деловник согласно член 67*

**9.Извештаи на повисокиот суд за работата на основниот суд за 2022 и 2023 година**

Апелациониот суд Битола извршил работна посета на Основниот суд Битола за второто полугодие на 2023 година на ден 06.12.2023 година во рамките на Програмата за следење на состојбата во кривичните и прекршочните предмети.

Од страна на Судскиот совет на РСМ била остварена работна посета на Основниот суд Охрид на ден 12.10.2023 година, за што бил изготвен Извештај од работна посета бр.03-275/2 од 06.03.2024 година

**10.Месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување.**

Месечните извештаи на работното тело во судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот и спречување на создавање и намалувањето на заостаток на нерешени предмети и застој на движењето на предметите во судот, се изработени и доставени до претседателот на судот. Извршен увид во Извештај СУ - 07 бр.47/2022 од 19.12.2022 година и СУ-07 бр.36/2023 од 10.09.2023 година.

**11.Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за контролираниот период**

Правосилните судски одлуки редовно се објавуваат на веб-страницата на судот за контролираниот период, односно биле објавени вкупно 1397 одлуки, од кои 787 одлуки за 2022 година и 610 одлуки за 2023 година.

**12.Месечни распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2022 и 2023 година**

Во судот се изработуваат месечни распореди и времетраење на дежурства, за време на судската ферија и истите се евидентирани во АКМИС (СУ-03 бр.134/21 од 29.08.2022 година и СУ-03 бр.40/23 од 30.03.2023 година). Распоредите за дежурства судот ги доставува до ОЈО Скопје и ОВР Охрид.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски“ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**13.Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период**

Список на кориснички групи со степен на достапност до АКМИС за секој судија и судски службеник, за контролираниот период се изработени. Извршен увид во списоци на корисници во АКМИС и нивна функционална улога СУ-03-3/23 од 10.01.2023 година и СУ -03-6/22 од 05.01.2022 година.

Секој вработен во судот се најавува со свое корисничко име и лозинка и истите задолжително ги менуваат на секои три месеци.

**14.Канцеларија за односи со јавноста**

Формирана е канцеларија за односи со јавноста и две судски службенички се задолжени за односи за јавноста.

**15.Формиран оддел за судска пракса во судот**

Во судот сеуште не е формиран оддел, за следење на судската пракса.

**16.На кој начин судот најмалку еднаш годишно ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите.**

Судот ја информира јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите, преку соопштенија на веб страната, одлуки и статистики од јавен интерес, редовно објавување на месечните, кварталните и годишните извештаи на веб страната.

**17.Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети**

Надзорната комисија беше известена дека во судот е вработен еден информатичар Анѓелко Попески кој е задолжен со решение за овластување за администратор на АКМИС, Су.03 бр.164/2022

Автоматска распределба, како и прераспределба се врши од стана на водителот на уписник на секој оддел, освен кога има повеќе предмети прераспределбата се врши од страна на информатичарот.

**18.Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во судот е формирано одделение за информатика како посебна организациона целина.

**19.Организирани обуки на судски службеници за користење на АКМИС**

Не се одржуваат организирани обуки за работење во АКМИС системот.Тековни интерни обуки во врска со новитети во примената на АКМИС или обучување на нов вработен/новоизбран судија се врши од страна на вработените во судот. Во Академијата на судии и јавни обвинители била организирана обука за безбедност на мрежа.

***ПРЕПОРАКА: Надлежните органи да преземат чекори во организирање на континуирана обука за ИКТ технологијата на информатичарите и другите вработени во судови.***

**20.Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2022 и 2023 година**

Исклучување на судија од автоматска распределба на предмети се врши врз основа на законските основи со образложена одлука за причините за исклучување на судијата од распределба на предмети. За време на годишните одмори судска ферија судиите не ги исклучуваат од автоматска распределба, освен за итните притворски предмети. Кога судиите се подолго од 5 работни дена на боледување истите ги исклучуваат од автоматска распределба. Извршен е увид во предметите СУ 4/23 од 01.02.2023 година, СУ 19/23 од 02.10.2023 година, СУ 14/22 од 18.04.2022 година, СУ5/22 од 07.02.2022 година, СУ11/22 од 29.03.2022 година и СУ 13/22 од 13.04.2022 година.

**21.Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2022 и 2023 година.**

Повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија се врши со решение со кое се уважува изземањето, доколку постои основ за тоа и се определува по конкретниот предмет да постапува следниот судија утврден со автоматска распределба. Во Барањата за иззземање во кои се донесени Решенија за изземање, постојат законски и облазложени причини врз основа на кои претседателот на судот ги донел одлуките за изземање.

По исклучок во решенијата СУ-ИЗЗ-50/23 од 09.10.2023 година, СУ-ИЗЗ-39/23 од 05.06.2023 година, СУ-ИЗЗ-46/23 од 22.08.2023 година, и СУ-ИЗЗ-3/23 од 05.01.2023 година, се констатира дека барањата за изземање биле уважени, а предметите биле дадени во работа на конкретен судија согласно распоредот за работа на Основниот


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

суд Охрид, бидејќи со Годишниот распоред за работа само тие двајца судии биле задолжени да постапуваат во конкретните предмети.

Извршен е увид и во Решението СУ-ИЗЗ-84/22 од 29.11.2022 година со кое било усвоено барањето за изземање на судијата, но не е наведено во диспозитивот дека предметот ќе се прераспредели и на кој начин.

*ПРЕПОРАКА: Во сите решенија со кои се усвојува барањето за изземање* ***потребно е да биде назначено дека предметот се прераспределува преку АКМИС.***

**22.План за годишен одмор на судиите за 2022 и 2023 година**

Претседателот на судот појасни, дека е донесена Одлука за постапување за време на годишни одмори СУ -24/22 од 15.07.2022 година, СУ -13/23 од 20.06.2023 година и СУ-16/23 од 13.07.2023 година. Наведе дека судиите за користење на годишни одмори се договараат на седница на судии, по што се изготвуваат решенија за користење на годишен одмор.

**23.Број и вид на судски оддели**

Во судот со Годишниот распоред за работа се формирани:

- Кривичен оддел во кој постапуваат четворица судии и
- Граѓански оддел во кој исто таа постапуваат четворица судии.

**24.Статистички извештај за работата на судот доставен до Судскиот совет на РСМ кој треба да содржи и анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети.**

До Судскиот совет се доставуваат статистички извештаи со анализа на начинот на решавање на решените предмети и тоа месечни, квартални и годишни извештаи.

**25.Судскиот администратор дали извршил распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство**

Судскиот администратор има донесено распоред на вработените во судската служба со определување на нивна замена во случај на отсуство. Извршен увид во Распоред за вработените во судската служба за 2022 година СУ-07 бр.8/22 од 18.03.2022 година.

**26.Огласна табла на судот**

Судот има обична и електронска табла кои се поставени на видливо место и истите се во функција.

**27.Простории за судии поротници и адвокати**

Во судот има имаат простории за судии поротници и за адвокати.

**28.Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На Надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Основниот суд Охрид. Бевме информирани дека во судот во 2022 година е доставен нов сервер кој ги задоволува потребите на судот.
Останатата информатичка опрема е сосема солидна и обновена во текот на 2024 години со набавка на 25 нови персонални компјутери и истата може да одговори на потребите за непречено функционирање на судот.

**29.Сите одлуки на рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2022 и 2023 година**

Надзорната комисија беше информирана, дека рачна распределба има кај одлуките донесени за изземање на судија, со кои конкретен предмет се распределува кај одреден судија, заради не можност од постапување на друг судија поради законски пречки за постапување на друг судија.

**30.Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2022 и 2023 година.
Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија, и тоа: КС, ЗАВ, ЗАВ1, ЗАМ-С, КИ, КМ,К-ПП, КПОВ, ППОВ, ТСПОВ, ОДС, ПСО1, РВПП, КРИ.
Претседателот на судот постапува по овие уписници СУ, СУ-ИЗЗ, УПП, ЗАВ-Х, ИДС, КР, ПРК-Р.
Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и предмети од уписници за кои е доделен само еден судија.
Забележани се исклучување и вклучување на судија на ист ден, и тоа на 04.07.2023 година, каде со одлука на Претседателот на судот СУ-15/23 донесена е измена на распоред поради заминување во пензија на судија, со што се појавила потребата


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „ДимитриеЧуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

предметите да му бидат доделени во работа на друг судија, иако тој не постапувал по тој уписник.
На ден 04.01.2022 година - причина за ваквите вклучувања и исклучувања на судии од автоматска распределба е поради спроведување на нов Распоредот за работа на судот на почеток на годината. Доколку има промени во Распоредот за работа за тековната година сето тоа се прави пред да се почне со прием на нови предмети.
Исто така се забележана е една распределба на ист датум во уписници, и тоа на 16.09.2022 година во 14:32 и 15:11 часот. Причината за ова е бидејќи предметот стигнал покасно при крај на работното време, а се работи за петок и одлучено е истиот да се распредели истиот ден иако требало да се распредели со следната автоматска распределба во понеделникот.

## 31.Скенирање на влезни документи

Надзорната комисија беше информирана дека со еден активен и еден резервен скенер се скенираат сите документи во приемното одделение во судот.

## 32.Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.30 часот, а итните предмети се распоредуваат веднаш.

На денот на надзорот немаше нераспределни предмети со датум на внес постар од тековниот.

## 33.Електронски прием на предмети од страна на судиите

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

## 34.Уписници што се водат во хартиена форма

Надзорната комисија беше информирана, дека во Основен суд Охрид сите уписници се водат електронски.

## 35.Надзор над работата на нотарите

Претседателот на судот ја информираше комисијата дека редовно телефонски ги повикувал нотарите за одржување на состаноци и изготвување на извештаи, кои иако усно ја прифаќале поканата да присуствуваат, сепак не присуствувале на

закажаните состаноци. Исто така ја информираше комисијата, дека на нотарите постојано им било укажувано за големиот број на нерешени оставински предмети и дека заради тие предмети судот станува неажурен.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува зголемен надзор над работата на нотарите во врска со оставинските предмети пред се со цел да не се создава заостаток на нерешени оставински предмети.***

Увидот заврши на ден 26.04.2024 година во 14:45 часот.